РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 02-220/2-II-4
28.4.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 82 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Деканатската управа на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер– Скопје на седницата одржана на 28.4.2023 година ја донесе следната

**ПРОЦЕДУРА**
**ЗА НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИХОДИ**

1. Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (во понатамошниот текст Факултет) стекнува приходи по следните основи:

- Приходи од партиципации, школарини и надоместоци кои ги плаќаат студентите од прв, втор и трет циклус на студии на Факултетот.
- Приходи од стручно апликативна или применувачка дејност кои се остваруваат преку центрите на Факултетот (Компјутерски центар и ЦИРДИ) и Лабораторијата за тестирање на мебел (ЛТМ).

2. Приходите кои се стекнуваат од партиципации, школарини и надоместоци кои ги плаќаат студентите од прв, втор и трет циклус на студии согласно усвоениот Ценовник на Факултетот се евидентираат во софтверот за студентски прашања и Одделението за студентски прашања е задолжено за проверка на уплатите (покрај уплатниците ќе се проверува и изводот од извршени трансакции).

3. За приходите од стручно апликативна или применувачка дејност кои се остваруваат од ЛТМ се применува Одлуката за воспоставување на административна процедура за илзезни фактури кои се издаваат од Лабораторијата за тестирање на мебел на деканот, бр. 03-158/4 од 19.04.2017 год. и нејзината дополна од 21.09.2017 година.

4. За приходите кои се остваруваат преку центрите на Факултетот се издава фактура согласно Законот за ДДВ односно по прилив на средства согласно извршената услуга или по завршена услуга. Одделението за финансиско, смектоводствено и материјално работење го известува раководителот на центарот за приливот на средства и му доставува пресметка по уплатата со сите одбитоци (на електронска пошта) согласно Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

5. Во случај на изведба на специфични и специјални проекти (државни, Европски или слични фондови), Факултетот по потреба ангажира соодветни лица за водење на сметководствените работи согласно потребите на проектот.

6. Оваа процедура стапува на сила со денот на донесувањето и со истата престанува да важи Процедурата на Деканатската управа бр. 0201-541/2-XVIII-2 од 23.12.2022 год.

Декан

________________________

Проф. д-р Горги Груевски